Many evidence imply that enteroviral infection may accelerate or precipitate type 1 diabetes in some individuals. However causality is not proven yet, which raises many concluding questions, such as: Which islets cells are most susceptible to infection in vivo by enteroviruses in humans, and does this reflect the expression of specific isoforms of viral entry receptions such as CAR?; How frequently do enteroviruses migrate to the pancreas and infect islets following the viremia? Does islet autoimmunity developimmediately after enteroviral infection? Is there evidence of early b cell damage? Could this be similar to the terminal deletion mechanism previously identified in cardiomyocytes? What is the role played by MHC class I antigens in mediating the demise of B cells during immune mediated attack ? What factors determine the function of the B cell response of the persistent enteroviral infection?



Проф. д-р Горан Петровски

Д-р Горан Петровски е специјалист по интерна медицина / ендокринологија и работи на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушување во Скопје, Македонија. Во моментов е Шеф на националниот центар за инсулински пумпи, Шеф на катедрата по фамилијарна медицина и е дел од одбор во деканатот на медицинскиот факултет. Неговата едукација е усовршувана во повеќе интернационални центри, а во неговото работно искуство спаѓа и функцијата на консултант за инсулински пумпи во повеќе светски центри. Автор е на голем број на публикувани трудови во интернационални списанија и учествувал во голем број на клинички студии и истражувачки проекти.

Prof. Dr. Goran Petrovski

Dr. Goran Petrovski is specializes in internal medicine / endocrinology and works at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic disorder in Skopje, Macedonia. He is currently Head of the national center for insulin pumps, Head of the Department of Family Medicine and is member of Dean's Board of the medical faculty. His education is expanded in several international centers, and his work experience includes the position of consultant for insulin pumps in several world centers. He is an author of a number of papers published in international journals and participated in a number of clinical studies and research projects.

Инсулински пумпи и сензори: напредок кон вештачки панкреас

Употребата на терапија со инсулинска пумпа е драстично зголемена кај младите пациенти со дијабетес тип 1, во текот на изминатава деценија. Во ова предавање ќе бидат презентирани основите и практичните аспекти на терапијата со инсулинска пумпа со гликозен сензор. Исто така, ќе бидат дискутирани и предностите на терапијата со инсулинска пумпа кај пациенти со тип 1 дијабетес. Справувањето со дијабетесот во 21-от век, во кој терапијата со инсулинска пумпа е во комбинација со континуирано следење на гликоза и нејзиниот потенцијал за системот на затворен циклус.

Insulin pump and glucose sensor: moving towards artificial pancreas

The use of insulin pump therapy has increased dramatically in youth with type 1 diabetes in the past decade. We present background and practical aspects on insulin pump therapy with glucose sensor. The advantages of pump therapy in type 1 diabetes are also discussed. Diabetes management in the 21st century, in which pump therapy is combined with continuous glucose monitoring, and its potential for a closed-loop system are presented.



Проф. д-р Бранкица Крстевска

Професор д-р Бранкица Крстевска е редовен професор по интерна медицина на Медицискиот факултет во Скопје, во пензија. Специјалист по интерна медицина, субспецијалист по ендокринологија. Работела на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања и била шеф на Ендокринолошката амбуланта. Пензионирана е во септември, 2015 год. Сега хонорарно работи во Поликлиниката за внатрешни болести - Срце, во Скопје. Има објавено бројни научни трудови во македонски и странски списанија, ко-автор е на поглавија од областа на ендокринологијата во три учебници, напишала 2 брошури. Учествувала во три мултинационални научни проекти од областа на дијабетологијата. Била претседател а сега е член на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија. Член е на ESE, EASD, на ADA и Македонско лекарско друштво.

Brankica Krstevska, Prof. Dr.

Dr. Brankica Krstevka is a retired professor of internal medicine at the Medical faculty in Skopje, Macedonia. She is specialist in internal medicine and sub-specialist in endocrinology. She worked at the Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, and was head of endocrinology out-patient service. She is retired since September 2015, and is a part-time consultant at the Polyclinic for Internal Medicine - Heart in Skopje. Prof. Krstevska has published numerous scientific papers in Macedonian and international magazines, she has been co-author of chapters in the field of endocrinology in three books, and has written two booklets. She has also participated in three multinational scientific projects in the field of diabetology. Dr. Krstevska was also the president and now is a respected member of the Scientific Association of endocrinologists and diabetes specialists of Macedonia, she is also a member of ESE, EASD, ADA and the Macedonian Medical Association.

Гестациски дијабетес мелитус: Долгорочни метаболни ризици за мајката и за детето

Гестацискиот дијабетес мелитус (ГДМ) носи кратко-рочни и долгорочни ризици за мајката и за нејзиното дете. Епидемиолошките студии ги докажаа ризиците за дебелина и за дијабетес кај потомците од мајки со ГДМ, кои се манифестираат во детството, во пубертет и во адултен период. Интраутеринатa изложеност на дијабетес и родилната тежина (макросомија) се докажани ризик фактори за метаболните нарушувања кај децата - т.н. "интергенерациски круг". Следењето е долгорочно. Неопходен е ОГТТ по породување и еднаш годишно потоа. Кај жени кои имале ГДМ треба задолжително да се направи ОГТТ пред следната бременост. Да се зголеми свесноста за ризикот од тип 2 дијабетес кај жени кои имале ГДМ, како кај лекарите така и кај пациентките. Мали чекори, големи придобивки.

Gestational diabetes – long-term consequences for mother and offspring

Gestational diabetes mellitus (GDM) has short-term and long-term risks for both, the mother and the child. Many epidemiological studies have shown the risks of obesity and diabetes in the offspring of mothers with GDM, which are manifested in childhood, adolescence and adulthood. Intrauterine exposure to diabetes and oversized birth weight (macrosomia) are proven risk factors for metabolic disorders in children - and are forming the so calle - "Intergenerational cycle". The follow-up should be long term, therefore OGTT is necessary after the given birth and once a year thereafter. Women who have had GDM, must be tested with OGTT before the next pregnancy. Increasing of the awareness of the risk of type 2 diabetes in women who had GDM, is much needed among the patients, and the doctors too. Small steps, big benefits!



Ирфан Ахмети, Асс. д-р, Специјалист по интерна медицина - ендокринолог

Асс. д-р Ирфан Ахмети е интернист-ендокринолог, вработен на Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје. Магистер е по медицински науки од областа на ендокринологија и дијабетес. Во моментот е на докторски студии по Ендокринологија и е во изработка на неговата докторска дисертација. Шеф на отсекот за дијабетично стапало. Член е на Меѓународната работна група за дијабетично стапало и е учесник на последните насоки за дијабетичното стапало од 2015 година во Хаг, Холандија. Посебно поле на интерес: тип 2 дијабетес, хронични компликации на дијабетес, дијабетично стапало, тироидни заболувања. Автор и коавтор е на околу 50 стручни трудови објавени во земјата и странство.

Assistant (M.Sc), Irfan Ahmeti, Specialist in internal medicine - endocrinologist

Ass. Dr. Irfan Ahmeti is specialist in internal medicine and an endocrinologist, employee of the University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje. Dr. Ahmeti also has a Master's degree in Medical Sciences in the field of endocrinology and diabetes. He is currently working on his doctoral dissertation and is Head of Diabetic foot Department at the University clinic. He is also a member of the International Working Group on diabetic foot and is a memeber of the latest guidelines for diabetic foot of 2015 in The Hague, Netherlands. His special field of interest are: type 2 diabetes, chronic complications of diabetes, diabetic foot, thyroid disease. Dr. Ahmeti is an author and co-author of 50 papers published in the country and abroad.

Нови насоки во превенцијата на улцерацијата на стапало кај лица со тип 2 дијабетес

Целта на ова предавање е да се подигне свеста на превенцијата на улцерација на стапало кај лица со тип 2 дијабетес. Преку едноставен скрининг програм се проценува состојбата на стапалото дали е во низок ризик или висок ризик за улцерација. Клучните ризик фактори се периферната невропатија, периферната артериска болест, деформитетите на стапалото или претходни улцерации или ампутации на стапало или нога. Лицата со тип 2 ДМ и висок ризик за улцерација според меѓународната работна група за дијабетично стапало (eng. IWGDF) се лицата кои немаат активна улцерација но имаат периферна невропатија, со или без присуство на периферна артериска болест, деформитети и претходна улцерација и ампутација. Третманот на промените во преулцеративната фаза на дијабетичното стапало е битен со цел да се превенира развојот на стапалото од преулцеративна во улцеративна фаза.

New recommendations in prevention of foot ulcers in patients with type 2 diabetes

The purpose of this lecture is to raise awareness of prevention of foot ulceration in people with type 2 diabetes. Through simple screening program, we can estimate the condition of the foot, meaning whether it has low or high risk for ulceration. Key risk factors include peripheral neuropathy, peripheral arterial dis-

ease, foot deformities or previous ulceration or amputation of a foot or leg. People with type 2 DM and high risk for ulceration according to the international working group for diabetic foot (IWGDF) - are those without active ulceration but have peripheral neuropathy with or without the presence of peripheral arterial disease, deformities and previous ulceration and amputation. Treatment change in pre-ulcer stage of diabetic foot is highly important, in order to prevent the development of the pre-ulcer to ulcer stage of the foot.



Невенка Лабан - Гучева, Вонреден професор, специјалист по офталмологија

Д-р Невенка Лабан - Гучева работи како офталмолог на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, каде работата со пациенти со дијабетес и нивните компликации и претставува секојдневие. Специјализирала офталмологија во OHSU, Портланд - Орегон во САД. Во 2008-та година одбранила докторат, а сега е вонреден професор по офталмологија на Универзитетот „Гоце Делчев„ во Штип. Член е на многу угледни здруженија, како што се Лекарската комора на Македонија, НЗЕДМ, Македонско здружение за дебелина и Македонско Офталмолошко здружение.

Associate Proffesor, Nevenka Laban Gucheva, ophtalmologist

Dr. Nevenka Laban - Gucheva works as an ophthalmologist at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders in Skopje, where she is constantly working with patients with diabetes and its complications. She specialized in ophthalmology in OHSU, Portland - Oregon in the United States. In 2008 she defended her doctoral thesis and is now an associate professor of ophthalmology at the University "Goce Delchev" in Stip. Dr. Gucheva is also a member of many reputable organizations such as the Medical Chamber of Macedonia Scientific society for endocrinologist and diabetologist of Macedonia, Macedonian Association for obesity and the Macedonian Ophthalmic Society.

Нови предизвици во третманот на дијабетичната ретинопатија

Дијабетичната ретинопатија е една од најсериозните компликации на долготрајната дијабетична болест. Таа е најчеста причина за слепило во високо развиените индустријски земји меѓу работоспособната популација, кај луѓе со лоша гликемиска контрола, хипертензија и хиперлипидемија. ЛФК третман употребен при постоење на макуларен едем и новосоздадени крвни садови, го редуцира ризикот од натамошното губење на видот, но не е без несакани ефекти и компликации. Новите тераписки методи во лекувањето на ДР се користат во лекувањето на напреднатите стадиуми на ПДР или макуларен едем. Подоброто разбирање на ДР отвара многу нови патишта за нови фармаколошки терапии.

New challenges in the treatment of diabetic retinopathy

Diabetic retinopathy is one of the most serious complications of prolonged diabetic disease. It is the most common cause of blindness in the highly developed industrial countries among the working-age population, in people with bad glycemic control, hypertension and hyperlipidemia. MRG treatment used in the presence of macular edema and newly created blood vessels, reduces the risk of further vision loss, but not without side effects and complications. There are new therapeutic methods in treating DR, that are used in the treatment of advanced stages of PDD or macular edema. A better understanding of the DR opens many new avenues for new pharmacological therapies.





Professor Velimir Božikov, MD, PhD

Velimir Božikov, is a Professor of Internal Medicine at Medical School and Professor of Clinical Pharmacy and Therapeutics at Faculty of Pharmacy and Biochemistry, both belonging to University of Zagreb, Croatia. He works at Department of Internal Medicine, Dubrava University Hospital and was a director of the Hospital in the period 1994-2000. The annual Vuk Vrhovac award for scientific accomplishments in the field of Diabetology awarded him for his research on somatostatin in diabetes mellitus for the year 1980. Prof. Božikov s research is focused on complications of diabetes mellitus, particularly on diabetic foot and oxidative stress as well as cardiovascular complications. He authored or co-authored more than 100 papers including remarkable contributions to six international books. Prof. Božikov is s member of many national medical and academic societies; he was the president of the Croatian Society foe Endocrinology and Diabetology.

Проф. д-р Velimir Božikov

Д-р Velimir Božikov, е професор по интерна медицина на Медицинскиот факултет и професор по Клиничка фармакологија на Факултетот за фармација и биохемија, на Универзитетот во Загреб, Хрватска. Тој работи на Одделот за интерна медицина, при Универзитетската болница Дубрава и бил директор на институцијата во периодот 1994-2000. Наградата „Vuk Vrhovac„ која се доделува еднаш годишно, за научни достигнувања во областа на дијабетологијата му е доделена за неговото истражување на соматостатин кај дијабетес мелитус во 1980 година. Неговите научни истражувања се фокусирани на компликации од дијабетес мелитус, особено на дијабетичното стапало и оксидативниот стрес, како и кардиоваскуларните компликации. Тој е автор или коавтор на повеќе од 100 научни трудови, вклучувајќи извонредни придонеси за шест меѓународни книги. Д-р Božikov е и член на многу национални медицински и академски здруженија; тој е и поранешен претседател на Хрватското здружение за ендокринологија и дијабетологијата.

SGLT-2 –инхибитори, ефикасност и безбедност

Натриум Гликоза ко-транспортер 2 инхибитори (SGLT-2) е нова група на орални анти-дијабетични лекови за третман на дијабетес мелитус тип 2. Во најголемиот дел од историјата на модерната медицина, бубрезите секогаш биле првенствено гледани како органи на елиминација на „отпадните материјали„ и регулатори на јонската рамнотежа. Сега е веќе добро познато, дека бубрезите имаат и други важни улоги во организмот, односно се вклучени интимно во метаболизмот на гликозата и хомеостазата. Напредокот во однос на признавањето на улогата што бубрегот ја игра во гликозаната хомеостаза и гликозниот метаболизмот, во изминативе неколку децении поттикна интерес за модулација на овие системи од терапевтски аспект. Овие лекови делуваат на ниво на процесот на реапсорпција на гликозата во проксималните тубули во бубрезите, автоматски зголемувајки ја и водната и гликозната диуреза. SGLT-2 инхибиторите, обично се поврзани со намалување на нивото на хемоглобинот А1с помеѓу меѓу 0,5% и 1%. Механизмот на дејството и ефикасноста на SGLT2 инхибиторите, не е поврзан со инсулинот и се асоцираат со многу ниска стапка на хипогликемија - доколку се користат независно оа егзогените секретагоги или инсулин. Нивниот уникатен начин на дејствување, кои се базира на гломеруларна филтрација, ги прави овие лекови неподобни за употреба за третман на дијабетес тип 2 кај пациенти кои страдаат од умерена до тешка ренална инсуфициенција. Главните несакани ефекти се зголемување на ризикот за инфекции на уринарниот и гениталниот тракт, но овие инфекции се најчесто благи, брзо одговаараат на дадениот третман и не го ограничуваат продолжетокот на терапијата. Дополнително, употребата на овие лекови треба да се избегнува и кај кај пациенти кои се генерално физички изнемоштени, кои имаат хронична бубрежна болест, или се на поврзана терапија со инсулин или сулфонилуреа. SGLT2 инхибиторите можат да се користи како додаток на терапија во селектирани и релативно здрави постари пациенти со тип 2 дијабетес мелитус кои се обезни и имаат неконтролирана хипертензија. Во моментов, на пазарот се наоѓаат неколку лекови за третман на дијабетес тип 2 - кои ги инхибираат SGLT (конкретно SGLT2). Во моментов, 2 агенти се одобрени за употреба во Хрватска: dapaglifozin и canaglifozin. .

SGLT-2 inhibitors, efficacy and safety

Sodium Glucose co-transporter 2 Inhibitors (SGLT-2) are a new group of oral anti diabetic drugs for treatment of type 2 diabetes mellitus. For much of the history of modern medicine the kidney has been thought of as primarly an organ of elimination of waste materials and a regulator of ion balance. It is now known that the kidney plays other roles and

is involved intimately in glucose metabolism and homeostasis. Advances in the recognition of the role that the kidney plays in glucose homeostasis and metabolism has about few decades fueled an interest in modulation of these systems for therapeutic reasons. These medications interfere with the process of glucose reabsorption in the proximal convoluted tubules in the kidneys, therefore increasing both water and glucose diuresis. SGLT2 inhibitors are generally associated with a lowering in hemoglobin A1c ofd between 0,5% and 1%. The mechanism of action and efficacy of SGLT2 inhibitors are not linked to insulin and are associated with an exceedingly low incidence of hypoglycemia when used independetly of exogenous secretagogues or insulin. Their unique mode of action, relying on glomerular filtration, make these medication unsuitable for usage as treatment for type 2 diabetes subjects who are also suffering from moderate to severe renal failure. The main adverse effects are increased risk for urinary and genital tract infections., but these infections are typically mild, responsive to treatment, and are not use limiting. These medications should be avoided in patients who are frail, who have chronic kidney disease, and in conjuction with insulin or sulfonylureas. SGLT2 inhibitors may be used as an add-on therapy in selected and relatively healthy older patient with type 2 diabetes mellitus who are overweight and have uncontrolled hypertension. At present, several medications for the managment of type 2 diabetes are on the market that inhibit SGLTs (specifically SGLT2). At present, 2 agents are approved for use in Croatia: dapaglifozin and canaglifozin.



Саша Јовановска Мишевска, Асс. д-р, Специјалист по интерна медицина

Асс. д-р Саша Јовановска Мишевска е специјалист по интерна медицина, вработена на Универзитетската Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања од 2001 година. Се јавува како автор и ко-автор на стручни и научни трудови во бројни национални и интернационални изданија, со активно учество на повеќе интернационални конгреси и работилници во земјата и во странство. Ко-инвестигатор била во неколку клинички студии од областа на дијабетесот. Д-р Јовановска Мишевска е активен член на повеќе интернационални здруженија, како EASD, и MAO, а моментално ја држи функцијата на Заменик Претседател на НЗЕДМ.

Assistant (M.Sc), Sasha Jovanovska Mishevska, Specialist in internal medicine

Ass. Dr. Sasha Jovanovska Mishevska is a specialist in internal medicine, and has been working at the University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases in Skopje since 2001. Dr. Jovanovska Mishevska has authored and co-authored a numerous of scientific articles in national and international publications, she has taken part of several international conferences and workshops in the country and abroad, and has been a co-Investigator in several clinical studies in the field of diabetes. Dr. Jovanovska Mishevska is an active member of several international associations, EASD, and MAO, and currently holds the position of Vice President of Scientific association of Endocrinologists and Diabetologists of Macedonia.

Дипептидил пептидаза-4 инхибитори (DPP-4): кога и како?

Се проценува дека 70% од β-клеточната секреција на инсулин по внесен оброк се должи на инкретините. Овој "инкретински ефект" водеше до развивање на две нови класи на антихипергликемична терапија за дијабетесот – класа на GLP-1 аналози и класа на DPP-4 инхибитори. DPP-4 инхибиторите компетитивно го инхибираат ензимот DPP-4, со што ја продолжуваат и потенцираат активноста на инкретините. Студиите покажаа дека покрај непосредните дејства на DPP-4 инхибиторите, тие имаат и позитивен ефект врз β-клетката преку долгорочна издржана зголемена биосинтеза на инсулин, а играат улога и во промоција на бета-клеточната диференцијација. Во презентацијата ќе биде даден осврт на клиничка релевантност на DPP-4 инхибиторите во терапијата за тип 2 дијабетес и нивното влијание на подобрување на глукозните и метаболните параметри.

Dipeptidyl peptidase-4 (DPP-4) inhibitor, when and how

It is estimated that 70% of the β-cell secretion of insulin after a meal is imported due to incretins. This so called "incretins' effect" has led us to the development of two new classes of anti-hyperglycaemic diabetes therapy - class of GLP-1 analogs and class of DPP-4 inhibitors. DPP-4 inhibitors competitively inhibit the enzyme DPP-4, by continuing and highlighting the activity of the incretins. Studies have shown, that in addition to the immediate and direct action of the DPP-4 inhibitors, they also have a positive effect on β-cell - through long-term viable increased biosynthesis of insulin, and play a role in the promotion of beta-cell differentiation. The presentation will be an overview of the clinical relevance of DPP-4 inhibitors in the treatment of type 2 diabetes, and their impact on the improvement of glucose and metabolic parameters.



Проф. д-р Гордана Пемовска, Специјалист по интерна медицина, субспецијалист по ендокринологија

Проф. д-р Гордана Пемовска е вработена на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања и е специјалист по интерна медицина, субспецијалист по ендокринологија. Нејзиното поле на интерес е за дијабетесот и дијабетичното стапало, како и болестите на питуитарната жлезда. Таа е автор на голем број на публицирани научни артикли и учествувала во голем број на научни проекти и истражувања на дијабетесот.

Professor Dr. Gordana Pemovska, specialist in internal medicine, sub-specialist in endocrinology

Prof. Dr. Gordana Pemovska is employed at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases and is a specialist in internal medicine and sub-specialist in endocrinology. Her field of interest is diabetes and diabetic foot, as well as diseases of the pituitary gland. She is the author of a number of publicized scientific articles and has participated in a number of scientific projects and research on diabetes.

Хипогликемии – ризици кај третманот со орални хипогликемици

Тип 2 дијабетес е хетерогено нарушување кое се карактеризира со т.н. ,, застрашувачки октет,, (Banting 2008). Денес на располагање за лекување на дијабетес тип 2 постојат 9 различни орални антидијабетични класи на лекови, но и покрај тоа јатрогените хипогликемии се ограничувачки фактор во контролата на дијабетесот и предизвикуваат значителен морбидитет кај повеќето лица со ДМ2, а понекогаш се и со фатални последици. Тековните насоки за третман на ДМ2 ги нагласуваат индивидуалните гликемиски цели на пациентот и тераписките режими. Секоја од новите класи на лекови за T2DM покажуваат не само подобра метаболна контрола, туку и помалку појави на хипогликемични епизоди и понизок потенцијал за зголемување на телесната тежина во споредба со постарите класи на лекови.

Hypoglycemia – risks in treatment with oral hypoglycemic

Type 2 diabetes is a heterogeneous disorder characterized by the so-called ,,Ominous octet" (Banting 2008). Today there are 9 different classes of oral anti-diabetic drugs available for the treatment of diabetes, yet the iatrogenic hypoglycemia is still a very limiting factor in the treatment of diabetes and causes significant morbidity in most people with type 2 diabetes, more than often with fatal consequences. Current guidelines for the treatment of type 2 diabetes, emphasize the individual glycemic targets of patients and treatment regimens. Each of the new classes of drugs for T2DM shows not only better metabolic control, but appeared to be causing a lower number of hypoglycaemic episodes and lower potential for weight gain compared to the older anti-diabetic drugs.



Ивица Смоковски (mr.sci.med, dr.sci.med)

Д-р Ивица Смоковски (mr.sci.med, dr.sci.med) е доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот Гоце Делчев Штип, специјалист по интерна медицина на Универзитетската клиника за токсикологија и ургентна интерна медицина во Скопје и е медицински советник во Кабинетот на Министерот за здравство на Република Македонија. Член е на Националната комисија за дијабетес, национален претставник во Европската асоцијација за предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (дијабетес) и контакт лица од Министерството за здравство за Меѓународната федерација за дијабетес. Има големо искуство во клиничките истражувања и добрата клиничка пракса кај дијабетесот и е одговорен за бројни национи проекти од областа на здравството.

Ivica Smokovski, M.D., Mr.Sci.Med, Ph.D.

Dr. Ivica Smokovski (M.D., Mr.Sci.Med, Ph.D.) is an Associate Professor at the Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev Stip; Specialist of Internal Medicine at the University Clinic of Toxicology and Emergency Internal Medicine Skopje, and also serves as Medical Advisor in the Cabinet of Minister of Health (MoH) of the Republic of Macedonia. He is a member of National Diabetes Committee, National Representative in European Association for Predictive, Preventive and Personalized Medicine (Diabetes), and is a MoH liaison person for International Diabetes Federation (IDF). Has a vast experience in clinical research and GCP in diabetes and has been responsible for numerous national healthcare projects.

Практични клинички насоки за третман на дијабетесот во Македонија и светот

Република Македонија има национална преваленца за дијабетес од 12,0% и компаративна преваленца за дијабетес (приспособена на возраста) од 10,3%, што ја става на трето место во Европа. Претставувајќи огромен предизвик за општеството, дијабетесот беше вклучен во неодамна усвоените измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита. Меѓународните директиви беа усвоени и објавени во Службениот весник на Република Македонија. Измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита, се исто така утврдени со формирање на т.н. Национална комисија за Дијабетес, која има за цел да го надгледува спроведувањето на националните упатства за грижа за дијабетесот и неговиот третман. Покрај овие промени, податоците за сите пациенти со дијабетес се интегрирани во Националниот е-систем за здравство, заедно со Националниот регистар за дијабетес, овозможувајќи голем број на анализи на национално ниво.

Practical clinical guidelines for diabetes treatment in Macedonia and worldwide

Republic of Macedonia has a national diabetes prevalence of 12.0% and comparative (age-adjusted) diabetes prevalence of 10.3% being the third highest in Europe. Posing a tremendous challenge for the society, diabetes, as a specifically designated medical condition, was included in the recently adopted amendments on the Law on Healthcare. International guidelines were adopted and were published in the Official Journal of Republic of Macedonia. Amendments on the Law on Healthcare also stipulated formation of the National Diabetes Committee aiming to oversee the implementation of national guidelines for diabetes care and treatment. In addition, data for all diabetes patients have been integrated in the National eHealth System, together with a National Diabetes Register, enabling numerous analyses on a national level.



Асс. д-р Искра Битовска, интернист - ендокринолог

Асс. д-р Искра Битоска е интернист-ендокринолог, вработена во ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувањаво Скопје од 2001 година. Магистер по медицински науки од 2009 година, во тек на изработка на докторската дисертација. Шеф на отсек - тироидни нарушувања. Член на многу меѓународни организации од областа на ендокринологијата и дијабетесот. Автор и коавтор на бројни публикации објавени во земјата и во странство.

Iskra Bitovska, Assistant Dr.

Assistant Dr. Iskra Bitovska is specialist in Internal medicine and subspecialist in endocrinology, an employee of the University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders in Skopje, since 2001. She has a Master of Medical Sciences degree since 2009, and is currently working on the elaboration of her doctoral dissertation. Dr. Bitovska is Head of Thyroid disorders department at the Clinic. She is also member of many international organizations in the field of endocrinology and diabetes, and author of numerous publications published in the country and abroad.

Дислипидемија кај менопаузални жени со тип 2 дијабетес

Ризикот за кардиоваскуларни болести (КВБ) во постменопаузалниот период кај жените се зголемува и станува компарабилен со мажите. Ризикот за смрт од КВБ е 2 до 4 пати поголем кај лугето со тип 2 дијабетес во споредба со оние без дијабетес и е водечка причина за морбидитет и морталитет. Дислипидемијата е карактеристика и најголем ризик фактор за кардиоваскуларни болести кај жените со тип 2 дијабетес, особено кога ќе влезат во менопаузален период од животот. Презентацијата дава осврт за особеностите на дислипидемијата која се јавува при влез во менопаузалниот период во животот на жената, а истата е силно потенцирана доколку жените во менопауза боледуваат од тип 2 дијабетес. Ризикот за КВБ е многукратно зголемен во таквите случаи. Се зборува и за тераписките модалитети кај овие пациентки.

Dyslipidemia in menopausal women with type 2 diabetes

The risk of cardiovascular disease (CVD) in the postmenopausal period in women increases, and becomes comparable to that of men. The risk of death from CVD is 2 to 4 times higher in people with type 2 diabetes, compared to those that don't have diabetes, and is the leading cause of morbidity and mortality. Dyslipidemia is probably the greatest risk factor for cardiovascular disease in women with type 2 diabetes, especially when they enter the menopausal stage of life. This presentation gives an overview about the peculiarities of dyslipidemia which occurs when entering the menopausal period in a woman's life, especially the dyslipidemia that occurs in postmenopausal women with type 2 diabetes. CVD risk is highly increased in such cases.



Проф. д-р Татјана Миленковиќ,

Татјана Миленковиќ е редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, вработена на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања од 1985 година, каде во 1995 го основала Одделот за едукација на луѓе со дијабетес - чиј шеф е до ден денес. Во 1999 година докторирала во областа на дијабетологијата. Стручно се усовршувала во Велика Британија, Данска и Италија. Има публицирано над 90 стручни и научни трудови, како и учество во бројни студии вклучувајки и GCP тренинг. Се јавува како автор во повеќе издадени книги и книги кои допрва ќе се печатат. Член е на EASD, ADA, IDF, DESG (член на генералниот комитет), а од 2013-та година е Претседател на Македонското научно здружение на ендокринолози и дијабетолози. Од 2015-та година е Претседател на Националната комисија за дијабетес на Р Македонија.

Tatjana Milenkovic, Prof. Dr.

Dr. Tatjana Milenkovic is a professor of internal medicine at the Medical Faculty in Skopje. Dr. Milenkovic works at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases since 1985, where in 1995 she has established the Department of education of people with diabetes - and she has been Head of the department ever since. In 1999 she successfully defended her doctoral thesis in the field of diabetology. She has significantly improved her working experience and skills, throughout the years in foreign countries, such as the UK, Denmark and Italy. Prof. Milenkovic has published and authored more than 90 scientific articles, and has been an integral member of numerous studies, including GCP training. She has also authored chapters of many published books and books that are yet to be published. She is a member of the EASD, ADA, IDF, DESG (member of the General Committee), and since 2013 prof. Milenkovic has been President of the Macedonian Scientific Association of endocrinologists and diabetologists. Since 2015, she is also the Chairman of the National Commission for diabetes of Republic of Macedonia.

Грижа за дијабетесот во Македонија, можеме ли подобро?

Во Македонија, дијабетесот е во постојан пораст и само во 2012-та година, 20% од сите трошоците на Фондот за здравствено осигурување биле за третман на дијабетесот. Ова не ја вклучувало цената на инсулинската терапија, лентичките за самоконтрола, инсулинските пумпи, игли и глукагон. Но и покрај ваквата преваленца и цената на чинење, грижата за дијабетесот сеуште не е на задоволително ниво. Поради ова се превземаат повеќе активности за подобрување на состојбата, во смисол на интензивирана примарна и секундарна превенција. Усвоени се национални препораки за дијагноза, третман и следење на дијабетесот, како и Национална комисија за дијабетес. Со интегрирање на инсулинскиот третман во национален електронски здравствен систем, се создава национален регистар за дијабетесот, неговата зачестеност и видот на терапија со која се лекуваат пациентите. Поради се поголемата зачестеност на дијабетесот, од витална важност е активно вклучување на примарната и секундарната здравствена заштита во дијагноза и третман на дијабетесот.

Diabetes care in Macedonia, can we do better?

Diabetes is rapidly expanding in Macedonia, therefore only in year 2012 - 20% of all costs of the Health Insurance Fund were for the treatment of diabetes. This sum of money, however, did not include the cost of insulin therapy, self-control strips, insulin pumps, needles and glucagon. Despite this prevalence and significant cost, diabetes care is not yet satisfactory. Thus, we have undertaken several activities to improve this situation, in terms of intensified primary and secondary prevention. National recommendations for diagnosis, treatment and monitoring of diabetes were adopted, in addition to which the National Commission for diabetes was formed. By integrating insulin treatment in the national electronic health system, we are able to create a national registry for diabetes; with the help of which we are able to observe the frequency of insulin use and the type of treatment that patients are given. Because of the increasing prevalence of diabetes, it is vital for our cause to have an active involvement of the primary and secondary care in the diagnosis and treatment of diabetes.



